*Оглас за операторка на СОС линија за жени жртви на семејно и родово базирано насилство при Сојуз – Национален совет за родова рамноправност*

## 1. За Сојуз – Национален совет за родова рамноправност ( НСРР )

Сојуз - Национален совет за родова рамноправност е национална, мултиетничка и мултигенерациска мрежа креативно ориентирана кон иднината. Организацијата се стреми кон постигнување на родова рамноправност, развој и заштита на женски права и мир. Една од стратешките цели на НСРР е намалување на родовите стереотипи, сексизмот, семејно и родово базирано насилство. Во рамките на оваа стратешка цел НСРР ја има развиено првата национална, мобилна, бесплатна СОС линија 141 700, достапна 24 часа 7 дена во неделата и Советувалиште, што нуди бесплатна психо – социјална и правна помош.

## 2. Опис на работата

Тимот на НСРР е во потрага на посветена и одговорна операторка, која ќе се приклучи и ќе придонесе во развојот на СОС линијата. Овој вид на услуга е од огромно значење за жртвите, кои имаат потреба од итна поддршка во случаи на семејно и родово базирано насилство. Позицијата нуди единствена можност да се направи значајно влијание врз животите на жените на кои им е потребна.

## 3. Работни обврски

- Брзо, одговорно и професионално комуницирање со жртви на семејно насилство;
- Да ги следи воспоставените протоколи и процедури ;
- Да обезбеди емоционална поддршка за жените жртви;
- Да ги процени нивоата на итност и ризик на случајот, како и да обезбеди кризна интервенција за жртвите;
- Редовна и навремено евидентирање на сите повици, обезбедувајќи доверливост на информациите;
- Континуирана соработка со тимот на СОС линијата и програмскиот тим на НСРР;
- Комуникација со институции надлежни за оваа проблематика;

- Учество на обуки, семинари, средби за професионален развој, со цел зајакнување и подобрување на вештините.

4. **Потребни квалификации**
   - Завршено високо образование, релевантни сертификати/дипломи во областа на социјална работа, психологија и сродни области се сметаат за предност;
   - Претходно искуство во областа на семејното насилство ќе се смета за предност;
   - Одлични комуникациски вештини со способност за активно и емпатично слушање;
   - Познавање на законските регулативи за семејно и родово базирано насилство;
   - Компјутерска писменост и способност за работа со различни апликации и бази на податоци.
   - Познавање на македонски и ромски јазик.

5. **Начин на аплицирање**

Заинтересираните кандидатки може да се пријават со доставување на следниве документи:

- Професионално CV;
- Писмо за искажување на интерес;

Пријавите треба да се достават најдоцна до **13.06.2023** на е – пошта: sozm@t.mk , stankovikmartina@gmail.com и teazografska@gmail.com со предмет: Апликација за **Операторка на СОС линија.**

Кандидатите/ките кои ќе влезат во потесен избор ќе бидат повикани на интервју. Апликации со нецелосна документација нема да се разгледуваат.